**ЗАПИСНИК**
**од 38-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 01.12.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Елена Накова од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека г-дин Трајчев телефонски најавил дека не може да присуствува на седницата на закажаниот термин, со што рече дека членот на Советот ќе биде најавено отсутен.

Советот на Агенцијата, едногласно, со шест гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-Записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.11.2015 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.11.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената одлука за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година. Објасни дека и приходната и расходната ставка остануваат на претходно утврденото ниво. Ребалансот се прави во рамките на средствата што ги има Агенцијата, односно се прави прераспределба за соодветни намени кои произлегуваат од работењето. Како поголема ставка ја наведе последната рата за исплата на кредитот кој е подигнат во месец мај 2015, потоа зголемување на ставката за дневници за патувања и ноќевања во земјата, бидејќи е зголемен обемот на мониторинг кај кабелските оператори. Потоа објасни дека заради измените на Законот за персонален данок, Агенцијата за првиот месец го платила персоналниот данок за членовите на Советот и тој износ сега треба да се надомести. Износот не бил предвиден во Финансискиот план за 2015 година на Агенцијата кога се носел во декември 2014 година, а измената на Законот стапи некаде во февруари 2015 година.

Заменикот на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, детално ги објасни сите ставки каде се предлага да се изврши ребалансот на финансискиот план на Агенцијата за 2015 година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-6814/1 од 30.11.2015 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2015-та година, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2015-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 208.959.720,00 денари.

Ребалансот се изврши на следните ставки во усвоениот финансиски план за 2015-та година и тоа:

- се зголеми групната ставка 404 Превозни, транспортни услуги за 150.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.210.000,00 денари истата изнесува 2.360.000,00 денари.
- Позицијата 404500 Поштарина (писма, печатарски материјали, пакети и сл.), наместо досегашниот износ од 400.000,00 денари, истата се зголеми за 150.000,00 денари и изнесува 550.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за поштенски услуги.
- се зголеми групната ставка 409 Други материјални расходи за 220.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 445.000,00 денари истата изнесува 665.000,00 денари.
- Позицијата 409000 Судски и административни такси, наместо досегашниот износ од 120.000,00 денари, истиот се зголеми за 180.000,00 денари и изнесува 300.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за судски и административни такси.
- Позицијата 409300 Расходи за регистрација на моторни возила, наместо досегашниот износ од 25.000,00 денари, истата се зголеми за 40.000,00 денари и изнесува 65.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за регистрација на моторните возила на Агенцијата.
- се зголеми групната ставка 411 Кредити и камати за кредити за 760.100,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.500.000,00 денари истата изнесува 3.260.100,00 денари.

- Позицијата 411000 Кредити и камати за кредити, наместо досегашниот износ од 2.500.000,00 денари, истата се зголеми за 760.100,00 денари и изнесува 3.260.100,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за отплата на ануитет за земен кредит.
- се зголеми групната ставка 413 Дневници за службени патувања и патни трошоци за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.310.000,00 денари истата изнесува 1.560.000,00 денари.
- Позицијата 413000 Дневници за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 65.000,00 денари, истата се зголеми за 135.000,00 денари и изнесува 200.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за дневници за службени патувања во земјата.
- Позицијата 413200 Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата, наместо досегашниот износ од 40.000,00 денари, истата се зголеми за 30.000,00 денари и изнесува 70.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за надомест за трошоци за превоз за службени патувања во земјата.
- Позицијата 413400 Надомест за трошоци за ноќевање на службен пат во земјата, наместо досегашниот износ од 75.000,00 денари, истата се зголеми за 85.000,00 денари и изнесува 160.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во земјата.
- се зголеми групната ставка 414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 350.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 8.322.000,00 денари истата изнесува 8.672.000,00 денари.
- Позицијата 414901 Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата, наместо досегашниот износ од 7.300.000,00 денари, истата се зголеми за 350.000,00 денари и изнесува 7.650.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата.
- се намали групната ставка 441 Средства за опрема за 1.730.100,00 денари и наместо досегашниот износ од 9.871.700,00 денари истата изнесува 8.141.600,00 денари.
- Позицијата 441000 Купување на канцелариски мебел, наместо досегашниот износ од 7.287.700,00 денари, истата се намали за 1.730.100,00 денари и изнесува 5.557.600,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за поштенски услуги во износ од 150.000,00 денари, средства потребни за судски и административни такси во износ од 180.000,00 денари, средства потребни за регистрација на моторните возила на Агенцијата во износ од 40.000,00 денари, средства потребни за отплата на ануитет за земен кредит во износ од 760.100,00 денари, средства потребни за дневници за службени патувања во земјата во износ од 135.000,00 денари, средства потребни за надомест за трошоци за превоз за службени патувања во земјата во износ од 30.000,00 денари, средства потребни за надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во земјата во износ од 85.000,00 денари, како и средства потребни за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 350.000,00 денари.

Се задолжи Секторот правни и економско-финансиски работи, да го изготви горенаведениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година, во кој ќе ги вгради наведените измени и дополнувања.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Разно

Немаше точки под разно.

**Бр.02-6807/3**
**11.12.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**